**ИЗВЕСТУВАЊЕ ДО КАНДИДАТИТЕ**

**ПРИЈАВЕНИ ПО ЈАВНИОТ ОГЛАС 1/2023**

Врз основа на член 30 став 12 од Законот за јавнообвинителска служба ("Службен весник на РМ" број 62 од 20.04.2015 година), се известуваат кандидатите кои ја поминаа административната селекција на јавниот оглас број 1/2023 за вработување на неопределено време (сите кандидати НАД црвената линија на ранг листите) дека во просториите на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија на бул."Кеј Димитар Влахов" бр.23 Скопје (10 кат), на 01.02.2023 година во 11:00 часот ќе се одржи полагање на испитот за јавнообвинителски службеници и тоа:

Согласно чл 30 ст 13 од Законот за јавнообвинителска служба најмногу (10) десет пати повеќе кандидати од бројот на работните места за кои се спроведува постапката, а кои биле најдобро рангирани на листата од административна селекција, преминуваат во следната фаза на селекција, а тоа е испит за јавнообвинителски службеник. Тоа значи дека постапката завршува за кандидатите кои се под црвената линија. Испитот за јавнообвинителски службеник, се состои од два дела и тоа општ и стручен дел. Темите за полагање се јавно достапни и објавени на веб страницата на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија. Кандидатите кои аплицираат за повеќе места ќе добијат толку тестови за колку што работни места аплицирале, согласно категориите на работните места.

Задолжително е кандидатите со себе да носат документ за лична идентификација.